ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 271.2-523.42]:7.033.1/.2(497.712)“13“
УДК 75.052.033.2(497.712)“13“

Владимир ТАНЕВСКИ

ФРЕСКОЖИВОПИСОТ ВО ЦРКВАТА ВОВЕДЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА (СВ. СПАС) ВО КУЧЕВИШТЕ: ПРОГРАМСКИ И ИКОНОГРАФСКИ ОСВРТ*

Клучни зборови: *фрескоживопис, Кучевиште, црква, иконографија*

Апстракт: *Трудот претставува анализа на уникатните елементи од фрескоживописот во црквата Воведение на Пресвета Богородица (Св. Спас) во селото Кучевиште. Целта на трудот е да ги прикаже и истражи посебните сцени од фрескоживописот, како и програмските и иконографските решенија. Се надеваме дека со овој труд ќе придонесеме кон подетално истражување на фрескоживописот во црквата во Кучевиште, како и кон поширокото проучување на фрескоживописот од XIV век.*

Црквата Воведение на Пресвета Богородица, позната и како Св. Спас, се наоѓа во скопското село Кучевиште, на падините на планината Скопска Црна Гора. Оваа црква во досегашните истражувања делумно била „заборавена“, првенствено поради фактот што фрескоживописот од XIV век бил откриен при конзерваторски и реставраторски зафати во 1956 година, кога бил отстранет неквалитетниот фрескоживопис од 1874 година.[1] Наосот на црквата е подигнат околу 1330 година како заветнина на Марена, Радослав и Владислава, спомнати во натпис над јужниот влез во црквата.[2] Според Мандиќ, Марена била ктиторка од прв ред додека Радослав и Владислава биле ктитори од втор ред.[3]

[СЬЗД]А СЕ И ПОПИСА СЕ ХРМАЬ ПРѢБЛАГОС[ЛО] ВЕНУЮ Б[ОГОРОДИ]ЦЕ И С МУКО(МБ] И СТИ(ЦАННЕМЬ].. (КТИТ)ОР(ИЦЕ) МАРЕНЕ И РАДОСЛАВЬ И ВЛАДИСЛ(АВ)А.[4]

За ктиторите на храмот има малку информации; познато е дека второименуваниот ктитор Радослав се споменува како жупан на селото Кучевиште, кој во 1348 година ѝ ја приложил црквата на царскиот манастир Св. Архангели кај Призрен.[5]

И ЮШТЕ ПРИЛОЖИ ЦАРСТВО МИ ЦРЬКВИ ЦАРСТВА МИ АРХАНГГЕЛОУ СЬ ХОТѢНИЮМЬ ЛЮБИМАГО ВЛАСТЕЛИНА ЦАРСТВОУ МИ РАДОСЛАВ ЖОУПАН СЕЛО КЛЬЧЕВИШТА СЬ ЦРЬКОВИЮ СВЕТЫЮ БОГОРОДИЦЕ И СЬ ЗАСЕЛКОМЬ БРОДЦЕМЬ, СЬ ВИНОГРАДЫ, СЬ ОВОШТЮМЬ...

Првиот пообемен труд посветен на оваа црква бил објавен во 1981 година од И. Ѓорѓевиќ, под наслов „*Сликарство XIV века у цркви св. Спаса у селу Кучевишту*“. Со овој труд, Ѓорѓевиќ ја поставил основата за понатамошни истражувања, при што анализата е посветена на иконографските, програмските, иконолошките и стилските аспекти на целокупниот фрескоживопис. Фрескоансамблот во црквата опфаќа сцени од: Големите празници, Страдањата Христови, сцени од Животот на Богородица, претстави на последните псалми (148, 149 и 150 во нартексот), ктиторска композиција (во нартексот) и голем број допојасни и стоечки светители. Неколку години подоцна, во периодот меѓу 1332 и 1337 година, бил дограден и фрескоживописан уникатен двокатен нартекс на западната страна.[6] Се претпоставува дека двокат-

* Истражувањето е реализирано во рамки на изработката на докторската дисертација под менторство на проф. д-р Елизабета Димитрова.

[1] К. Балабанов, А. Николовски, Д. Ќорнаков, *Споменици на културата на Македонија*, Скопје 2010, 36.

[2] Е. Димитрова, *Уметничката продукција на средновековно Скопје*, Скопје осум милениуми: живот, култура, творештво, Скопје 2019, 471 – 578, 555.

[3] С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија: Историја на уметноста на Македонија од IX до XV век*, Скопје 2006, 117.

[4] С. Мандић, *Ктитори и приложници цркве у Кучевишту*, Чрте и резе, Београд 1981, 204 – 205.

[5] С. Новаковић, *Законски споменици српских држава средњег века*, Београд 1912, 690.

[6] Е. Димитрова, *Уметничката продукција на средновековно Скопје*, 563.

Сл.1. Преображение Христово, наос, западен травеј (фото: В. Таневски)

ниот нартекс имал погребна функција, како што укажуваат и досегашните истражувања.[7] Покрај фрескоживописот од XIV век, црквата содржи богат поствизантиски фрескоживопис, што сведочи дека низ историјата црквата била почитувана и претставувала живо светилиште. Вториот кат на нартексот, односно параклисот посветен на св. Никола, бил фрескоживописан во 1501 година[8], јужната фасада била фрескоживописана во втората половина на XVI век[9], додека на западниот ѕид, на крајот од XVI век, бил насликан Страшниот суд.[10] Во 1608 година за црквата биле изработени царски двери, кои денес се чуваат во Музејот на Македонија.[11] Понатаму, во 1843 година, зографот Дамјан од Крушево насликал нов сет икони за иконостасот, а во 1845 година Дичо Зограф ја насликал вратата на проскомидијата со сцената „Архангел Михаил ја зема душата на богатиот“.[12]

Фрескоживописот во црквата изобилува со сцени и светители, меѓу кои има ретки, како и сосема нови иконографски решенија. Како ретко решение во фрескоживописот во Кучевиште се појавува нагласената наративност на сцените од Големите празници, изведена со сликање на пролог и епилог-епизоди, но како засебни сцени.[13] Како што забележале и претходните истражувачи, ваквиот концепт е вистинска реткост во рамки на византиската уметност.[14] Поради ваквата иновација, сцените од Големите празници го изгубиле хронолошкиот распоред, па така во просторниот распоред Преображението е по Лазаревото воскресение. Крштевањето е проширено со воведна сцена Јован разговара со народот.[15] Лазаревото воскресение е проширено со пролог-епизодата Марта и Марија го молат Христос за својот брат. Преображението е проширено со

[7] С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија: Историја на уметноста на Македонија од IX до XV век*, Скопје 2006, 117 - 120.

[8] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећске патријаршије: 1557 – 1614*, Нови Сад 1965, 116; А. Серафимова, *Воведение на Пресвета Богородица (Свети Спас)*, Христијански споменици, Скопје 2008, 44.

[9] В. Поповска – Коробар, *Атрибуција фреска на јужној фасади цркве Воведење (Св. Спас) у Кучевишту*, *Саопштења XLI – 2009*, Београд 2009, 137 - 155.

[10] А. Василевски, *Постивизантиски претстави на Страшниот суд од РС Македонија: идејна основа, ликовни извори и иконографски анализа*, Прилеп 2022, 117 – 121.

[11] Д. Ќорнаков, *Бисери на македонската резба: царски двери,* Скопје 2009, 99.

[12] А. Серафимова, *Воведение на Богородица (Свети Спас)*, 42 – 45, 45.

[13] И. М. Ђорђевић, *Сликарство XIV века у цркви св. Спаса у селу Кучевишту*, ЗЛУ 17 (1981), 88.

[14] Ibid., 91.

[15] Ibid., 88.

Сл.2. „Да не кажете“, западен травеј, западен ѕид (извор: Црквата Воведение на Богородица Кучевиште: цртежи на фрески, Скопје 2008)

сцената Да не кажете.[16] Христовото влегување во Ерусалим е проширено со сцената Доведувањето на ослето.[17] Вознесението Христово е проширено со епилог-сцената Богородица со апостолите во Ерусалим.[18] Зографите тежнееле кон нагласена наративност, па така традиционалната иконографија ја прошируваат и ја оживуваат со дополнителни сцени т.е. пролог и епилог-епизоди.[19] Проширувањето на Преображението со сцената „Да не кажете“ (ДА НЄ КАЖЄТЄ) е особено интересно. Во сцената е претставен Христос седнат на престол со едната рака благословува додека во другата држи затворен свиток. Пред Христос има три фигури/апостоли, облечени во хитони и химатиони. Нивните ликови се тешко оштетени. За оваа сцена во досегашните истражувања не пронајдовме аналогии. Поради поврзаноста со Преображението, тројцата апостоли би требало да бидат Петар, Јаков и Јован, кои го посведочиле Преображението. Оваа сцена најверојатно се поврзува со заповедта на Христос кон Петар, Јаков и Јован, да не зборуваат за тоа што го виделе, додека Тој не воскресне.[20] Од тоа доаѓа и насловот „Да не кажете“. Според Ѓорѓевиќ преку ваквата претстава на Преображението и епилогот на овој настан можат да се утврдат две извонредни појави: доаѓањето и заминувањето на Христос и апостолите на Тавор, и самиот епилог.[21] Понатаму авторот наведува дека потеклото на необичната илустрација на „Да не кажете“ можеби треба да се побара во сцената на Христовата беседа пред учениците.[22] Сепак анализите на текстуалната матрица и теолошката предлошка недвосмислено говорат дека сцената се поврзува со заповедта на Христос кон апостолите.

Во однос на индивидуалните претстави, фрескоансамблот во Кучевишката црква во најголем дел содржи општопознати и почитувани светители, прикажани допојасно или во цел раст. Сепак, во низата на светите лекари – бессребреници, се среќаваат и неколку светители кои ретко се застапени во црковното сликарство. На јужниот ѕид во наосот се наоѓаат допојасните претстави на св. Кир и св. Иоан (Јован). Св. Кир (СТІ КІР) е облечен во фелон, над кој има омофор, во едната рака држи евангелие додека со другата го благословува. Светителот е прикажан со долга бела коса и брада. Св. Јован (СТІ ІОАН) е прикажан млад, облечен во сива туника со црвена наметка, а во раката држи затворена кутија – симболичен атрибут кој упатува на неговата исцелителска или лекарска функција. Светите бессребреници Кир и Јован живееле во втората половина на III век; биле мачени и потоа обезглавени во Каноп, на 31 јануари, по наредба на Сиријан – управникот на градот.[23] Според житието, Јован бил војник кој, кога слушнал за славата на Кир, од Едеса се упатил кон Арабија и станал негов неразделен сопатник.[24] Овие двајца светители се присутни во средновековната уметност во Македонија, но не се сликале многу често. Досегашните истражувања покажаа дека овие двајца светители, покрај во црквата во Кучевиште, се насликани и во: Св. Софија во Охрид (1037 – 1056)[25], Св. Пантелејмон - манастир

[16] Ibid., 88 – 89.

[17] Ibid, 88.

[18] Ibid., 89.

[19] Ibid., 89.

[20] *Житија на светителите: јули – декември,* Скопје 2024, 58 -60; „А Исус се приближи до нив, ги допре и рече: „Станете и не бојте се!“ И кога тие ги подигнаа своите очи, не видоа никого, освен Исуса Самиот. И кога слегнуваа од гората, Исус им заповеда, велејќи: „Никому не кажувајте за ова привидение, додека Синот Човечки не воскресне од мртвите.“ – Матеј 17: 7 - 9.

[21] И. М. Ђорђевић, *Сликарство XIV века у цркви св. Спаса у селу Кучевишту*, 89.

[22] Ibid., 89.

[23] *Житија на светителите: јануари – јуни*, Скопје 2024, 67 - 68.

[24] Ibid., 67 – 68.

[25] Ц. Грозданов, *Студии за охридскиот живопис*, Скопје 2017, 57.

Сл.3. Св. Кир и Св. Јован, југозападен травеј (фото: В. Таневски)

Нерези (1164)[26], Св. Никола - манастир Марио-во (1271)[27], Св. Богородица Перивлепта (1295)[28] и Св. Димитрија – Марков манастир (1376/77).[29] Треба да се напомене дека маченичката смрт на св. Кир и Јован е прикажана во Менологот во црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане (1316 – 1318).[30] Покрај овие двајца свети лекари, во Кучевиште се прикажани и св. Кузман и Дамјан Арапски, св. Кузман и Дамјан Римски, св. Пантелејмон и св. Ермолај. Заедно со св. Кир и Јован, тоа се вкупно осум свети лекари насликани во наосот на Кучевишката црква. Ваквиот зголемен број светители-лекари, според Ѓорѓевиќ, се поврзува со болест на ктиторот или на некој член од неговото семејство.[31] Во средниот век, честа била појавата на различни заразни болести – од потешките, како што се чума, лепра, сипаници, до помалку опасни, како цревни заболувања, маларија и многу други, кои се забележани во историските извори. Според А. Атанасовски, во Византија жените ги посетувале светите места, каде што се молеле за здравје и спасение или трагале по чудесно излекување од некоја болест или повреда.[32] Мошне интересни и уникатни се претставите на св. Кузман (СТІ КУЗМАН) и Дамјан Арапски (СТІ ДАМІАН), насликани во цел раст на источниот лак од југозападниот травеј. Светителите се облечени во слични костими – црвен кај св. Кузман и сив кај св. Дамјан. Врз костимите носат наметки: сино-зелена наметка има св. Кузман, додека црвена носи св. Дамјан. Двајцата светители во едната рака држат затворено кутивче со лекови, а во другата – медицински инструмент. Тие биле браќа и потекнувале од Арабија, биле лекари во времето на владеењето на римските цареви Диоклецијан (285–316) и Максимијан (286–310). Поради нивното отворено проповедање на христијанството биле однесени во Ликија, каде што по наредба на Лисеј, намесникот на градот, биле жестоко мачени. Чудесно ги преживеале сите мачења, но на крај биле обезглавени.[33] Поради нивното потекло од Арабија, светителите се прикажани со темен

[26] I. Sinkevic, *The Church of St. Panteleimon at Nerezi*, Wisbaden 2000, 46.

[27] П. Костовска, *Св. Никола Манастир: средновековно сликарство*, Скопје 2020, 188 - 189.

[28] М. Марковић, *Иконографски програм најстарег живописа цркве Богородице Перивлепте у Охрид: попис фресака и белешке о појединим програмским особености*, Зограф 35 (2011), 125.

[29] М. Томић – Ђурић, *Фреске Марковог манастира,* Београд 2019, 441.

[30] Б. Тодић, *Старо Нагоричане*, Београд 1993, 79.

[31] И. М. Ђорђевић, *Сликарство XIV века у цркви св. Спаса у селу Кучевишту*, 100.

[32] А. Атанасовски*, Византинци: начин на живот*, Скопје 2017.

[33] Т. Стародубцев, *Свети лекари поштовање и представљење у источнохришћанском свету средњега века*, Београд 2018, 14.

Сл.4. Св. Кузман Арапски, југозападен травеј (фото: В. Таневски)

Сл.5. Св. Дајман Арапски, југозападен травеј (фото: В. Таневски)

тен, а на главите носат турбани, карактеристични арапски капи. Во досегашните истражувања во Македонија, претстави на арапските Кузман и Дамјан се пронајдени единствено во црквата Св. Архангел Михаил во Варошкиот манастир (1270–1280).[34] Секако отворена е можноста за постоење на повеќе претстави. Истражувачите веќе забележале дека светителите ретко се прикажуваат во византиските цркви, додека најмногу примери се насликани во времето на Палеолозите.[35] На западниот ѕид од југозападниот травеј во Кучевишката црква се прикажани и општопознатите бессребреници Кузман и Дамјан Римски. Вклучувањето на овие „специфични“ свети лекари дополнително ја потврдува претпоставката на Ѓорѓевиќ за болест на некои од ктиторите и нивните семејства. Преку молитва кон нив, ктиторите се надевале на чудесно излекување на своите ближни.

Следните ретки елементи и сцени се наоѓаат во фрескопрограмата во нартексот на црквата. Нартексот тешко настрадал во пожар во текот на историјата, поради што голем дел од фрескоживописот е целосно уништен. Во највисоките ѕидни зони и на сводот се насликани сцените од последните три псалми: 148, 149 и 150. Псалмите отсекогаш биле инспирација за уметниците и биле претставувани уште во ранохристијанскиот период. Сами по себе псалмите се напишани како песни, украсени со разни ритмички форми и фигури.[36] Во црквата во село Кучевиште, од последните три псалми се насликани дванаесет сцени. Насловите на псалмите се следни: 148 и 149 се со ист наслов – „***Сион нека Го фали Гос-***

[34] П. Костовска, *Фигурите на монасите во Св. Архангел Михаил, Варош: прилог кон нивна идентификација*, Патримониум.мк, год. 4, бр.9. 2011, 79 – 96, 81; Т. Стародубцев, *Свети лекари: поштовање и представљење у источномхришћанском свету средњег века,* 397, сл.64.

[35] Ibid., 45.

[36] Л. Мирковић, *Православна литругика (први и општи део),* Сремска Митровица 1918, 212 – 213.

Сл.6. Смртта на царот Давид, северен ѕид на нартекс (фото: В. Таневски)



Сл.7. Смртта на царот Давид, северен ѕид на нартекс (извор: Црквата Воведение на Богородица Кучевиште: цртежи на фрески, Скопје 2008)

пода“ - додека 150 псалм е насловен ***„Сè што дише нека Го слави Господа“***. Ликовната изведба на последните три псалми се однесува на славењето на Господ и неговата справедливост кон праведните.[37] Во централниот дел се насликани најголем дел од претставите на псалмите. Мора да се напомене дека псалмите немаат одреден редослед при сликањето, па така често една до друга претстава потекнуваат од различни псалми. Во византискиот фрескоживопис, последните три псалми на Балканот се насликани и во следните цркви: припратата на капелата Преображение во манастирот Рила (1334/1335)[38] и припратата на католиконот на Лесновскиот манастир (1349).[39] Последните три псалми во средновековието биле дел од заупокоените литургии, додека најчесто се сликале во простори каде што се служи опело или

[37] С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија: Историја на уметноста на Македонија од IX до XV век*, 175.

[38] И. М. Ђорђевић, *Зидно сликарство српске властеле у доба Немањића*, Филозофски факултет, Београд, 1994, 137.

[39] С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија: Историја на уметноста на Македонија од IX до XV век*, 196.

Сл.8. Неидентификувана сцена, јужен ѕид на нартекс (фото: В. Таневски)

Сл.9. Неидентификувана сцена, јужен ѕид на нартекс (извор: Црквата Воведение на Богородица Кучевиште: цртежи на фрески, Скопје 2008)

на ѕидови над гробови.[40] Комбинацијата на фрескоживописот и двокатноста дополнително упатува на гробната намена на нартексот. Во рамките на псалмите се евидентирани и две уникатни сцени, за кои досега не се пронајдени аналогии. На северниот ѕид, во втората зона, е насликана сцена која, според Ѓорѓевиќ, ја претставува *Смртта на царот Давид*. Царот Давид е прикажан во царска одежда, положен на одар, додека тројца ангели долетуваат да ја земат неговата душа. Зад нив, тројца момчиња тагуваат, држејќи ги капите во раце.[41] Сосема разбирливо и логично е претставувањето на царот Давид во низата на претставите на псалмите, бидејќи старозаветниот цар Давид е автор на голем број псалми. На јужниот ѕид во централниот дел е насликана една неидентификувана сцена. Насликани се двајца благородници:

[40] В. Ј. Ђурић, Г. Бабић – Ђорђевић, *Српска уметност у средњем веку II*, Београд 1997, 228; И. М. Ђорђевић, *Сликарство XIV век у цркви св. Спаса у село Кучевиште*, 103.

[41] И. М. Ђорђевић, *Сликарство XIV век у цркви св. Спаса у село Кучевиште,* 103.



Сл.10. Кралица Елена, јужен ѕид, припрата. Цртеж извор: Д. Војводић, Укрштена дијадема и „торакион“: две древне и неуобичајене инсигније српских владара у XIV и XV веку, Крушевац 2000

еден облечен во бел костим, а другиот во темноцрвен или кафеав. Двајцата седат на висока клупа и гледаат во писарот, кој седи на пониска клупа. Писарот пишува на свиток што го држи властелинот облечен во бел костим. Зад писарот стојат две млади фигури со рацете кренати нагоре. Како и другите истражувачи, и ние не сме во можност да ја идентификуваме оваа сцена, иако логиката сугерира дека можеби е поврзана со пишувањето на псалмите. Оваа сцена можеби е поврзана со сцената „Смртта на царот Давид“, односно со самиот старозаветен цар, но е тешко да се даде конкретен одговор или теорија. Во досегашните истражувања не пронајдовме други примери во византиското монументално сликарство на претстави на животот на старозаветниот цар Давид. Претстави од животот на царот Давид се наоѓаат во седум сцени прикажани во Парискиот псалтир, изработен за време на византискиот цар Константин VII Порфирогенит (945–959).[42] Сцени од животот на царот Давид се насликани и на Псалтирот на Василиј II (о.1000) во Biblioteca Marciana (Венеција).[43] Познато е дека во некои случаи византискиот фрескоживопис преземал сцени од византиските илуминации. Како на пример Авгаровиот циклус во црквата Св. Богородица, Матејче (1348 – 1352).[44] Ова недвосмислено укажува дека сцените во Кучевиште можеби настанале со користење на некоја предлошка од минијатурното сликарство, за која ние немаме информации.

Следен уникатен елемент се наоѓа во рамки на ктиторската композиција, поточно на претстава на кралицата Елена. Кралицата е облечена во долг богато украсен костим, во десната рака држи владетелски жезол со бисери.[45] Под нозете, според остатоците, кралицата стоела на црвена перница, на каква што и кралот Душан морал да

[42] H. C. Evans, D. Wixom (eds), *The Glory of Byzantium: Art and Culture of the Middle Byzantine Era A.D. 843 – 1261,* New York 1997, 240.

[43] A. Grabar, *The Art of the Byzantine Empire: Byzantine art in the Middle Ages,* New York 1967, 171.

[44] Е. Димитрова, *Манастир Матејче*, Скопје 2002, 177 – 179.

[45] Ibid., 82.

Сл.11. Постар слој со фрескоживопис под Богородица, дел од Деисис, јужна фасада (фото: В. Таневски)

стои. Важно е да се назначи дека на колено е насликан торакион.[46] Торакионот е карактеристична византиска инсигнија, претставува лорос што завршува штитовидно.[47] Познато е дека торакионот потекнува од римската тога, т.е. нејзиниот најсвечен вид – toga picta или toga palmata.[48] Кралицата/царицата Елена со торакион е прикажана и на нејзините претстави на Бела црква Каранска (1332 – 1337)[49], припратата на црквата во манастирот Сопоќани (1338 – 1346)[50] и припратата на манастирот Дечани (1347 – 1348).[51]

Значајно е да се напомене дека под делови од поствизантискиот фрескоживопис се зачувани остатоци од постар слој на фрескоживопис. Постариот слој е евидентиран во параклисот на св. Никола и на јужната фасада. Параклисот на св. Никола, на вториот кат на нартексот е фрескоживописан во 1501 година, над влезот во параклисот е зачуван натпис:

ИЗВОЛЕННЕМХ ОТЦА И ПОСПЕШЕННЕМЬ СЬЇНА И СЬВРѢЕ(НІЄ)М СВЕТАГО ДОУХА ПОПИСА СЕ СЬ СВЕТЬЇ БОЖАСТВЕНИ ХРАМУ СВЕТОГА НИКОЛИ В ЛѢ(ТО) ЗО МАЇА КТО ПОТРОУДИШЕ КОГУ ДА ИЬЗ ПРОСТИ АМИНЬ[52].

Скромниот фрескоансамбл во параклисот содржи претстави на Големите празници, фриз со допојасни светители и стоечки светители. Слој со постар фрескоживопис се забележува на јужниот и источниот ѕид т.е. олтарот, истото ова го евидентирал и С. Петковиќ.[53] Поточно, се забележуваат фреско-орнаменти составени од штитовидни или сонцевидни декоративни елементи со два концентрични круга. Помеѓу внатрешниот и надворешниот круг се наоѓаат зраци. Овие елементи најчесто се насликани монохромно, со наизменична промена: црна внатрешност со бели зраци или бела внатрешност со црни зраци. Може да се забележат и примери во кои внатрешноста е црвена. Идентични фреско-орнаменти се присутни во наосот и во нартексот на главната црква. Покрај тоа на рамката околу претстава на Богородица Оранта исто така се забележува постар слој на фрескоживопис, дел од фреска со флорални декорација. Сето ова недвосмислено говори дека овие фреско-фрагменти потекнуваат од XIV век, со што се потврдува дека параклисот имал постар фрескоживопис.

[46] З. Расолкоска – Николовска, *О ктиторским портретима у црква Свете Богородица у Кучевишту*, Зограф 16, Београд 1985, 41 – 55, 43.

[47] Повеќе за торакионот – Д. Војводић, *Укрштена дијадема и „торакион“: две древне и неуобичајене инсигније српских владара у XIV и XV веку*, Трећа конференција византолога , Крушевац 2000, 250, 248 - 276.

[48] Д. Војводић, *Укрштена дијадема и „торакион“: две древне и неуобичајене инсигније српских владара у XIV и XV веку,* 250.

[49] Д. Војвидић, *О живопису Беле цркве каранске и сувременом сликарство Рашке*, Зограф 31, 2007, 137.

[50] Д. Војводић, *Укрштена дијадема и „торакион“: две древне и неуобичајене инсигније српских владара у XIV и XV веку*, 250.

[51] Б. Тодић, *Манстир Дечани,* Београд 2005, 442.

[52] Љ. Стојановић, *Стари српски записи и натписи*, Београд 1902, 122.

[53] С. Петковић, *Зидно сликарство на подручју Пећске патријаршије: 1557 – 1614*, 116.



1

2

3

4

Табела 1: Орнаменти од XIV век

1. Јужен ѕид, капела на Св. Никола; 2. Источен ѕид, капела на Св. Никола; 3. Олтарен простор, главна црква; 4. Јужен ѕид, нартекс

Јужната фасада на црквата, исто така, поседува постар слој на фрескоживопис. На овој ѕид, поточно на постариот слој на фрескоживопис, над вратата се наоѓа и натпис, во кој се спомнува Владислава и синовите Јован и Дмитар (Димитар):

ПРИМИ ГИ МОЛЕ[НИЕ] РАБЕ СВО[Е] ВЛАДИС[ЛАВЕ] И ЧѢДИ Е[І] ІѾВАНА И ДМИТРА ВЬ ДА ИХ ПОМЕНЕ ВЬ ЦРЬСВЫ СВОЕМЬ.[54]

Под претставата на Богородица во рамки на Деисисот се забележува дел од полиставрион со крстови во кафеава боја на бела основа. Поради самиот натпис, но и фрагментите од полиставрионот, Мандиќ наведува дека тука можеби била насликана ктиторска композиција со што се потврдува дека Владислава и нејзините синови приложиле некаков дар за црквата.[55] Мора да се напомене дека има одреден број примери на кои ктиторските композиции се наоѓаат на јужните фасади на црквите, во скопската околина од првата половина на XIV век, потекнува ктиторската композиција од црквата Св. Богородица во с. Маркова Сушица, која е речиси сосема е уништена.[56] Во Македонија покрај овој пример може да се одвојат и претставите на јужната фасада на црквата Св. Никола Болнички во Охрид насликана во 1345 година.[57] Според Мандиќ ова е претстава на епис-

[54] С. Мандиќ, *Ктитори и приложници цркве у Кучевишту*, 201 – 202.

[55] З. Расолкоска – Николовска, *О ктиторским портретима у цркви Свете Богородице у Кучевишту*, 41 – 55, 50.

[56] В. Таневски, *Ктиторските композиции од селото Маркова Сушица (Св. Богородица и Св. Димитрија)*, Историја, год. XLIII, бр.2, Скопје, 2023, 21 – 45.

[57] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство од XIV век*, Скопје 2016, 87 - 94

копот Јован, додека другиот дел од композицијата ги сочинувала претставите на Владислава и Димитар (Дмитар).[58] Според Мандиќ фрескоживописот е насликан околу 1355/60 година.[59] Доколку се прифати претпоставката на Мандиќ дека Јован бил епископ, би требало да напоменеме дека, според историските извори, до 1346 година епископ на Скопје бил Јован, кој подоцна бил прогласен за првопрестолен митрополит.[60] Во 1347 година на Црковниот собор во Скопје присуствувал и епископот Јован.[61] Сепак, во овој момент не е возможно да се потврди оваа претпоставка, доколку се аргументира со понатамошни истражувања тогаш оваа фреска можеби била насликана околу 1346/47 година.

На планината Скопска Црна Гора постојат и други цркви од XIV век, поточно црквата Св. Никита (изградена т.е. обновена во 1300, фрескоживописана околу 1321)[62], Св. Никола во с. Љуботен (изградена во 1336-1337, фрескоживописана во 1344-45)[63] и Св. Богородица во манастирот Матејче (изградена околу 1345, фрескоживописана во 1348 – 1352).[64] Сепак од сите овие цркви, кучевишката црква во целост поседува најсочуван фрескоансамбл. Останатите цркви претрпеле значителни оштетувања во текот на времето. Црквата во Кучевиште, со својот фрескоживопис, што изобилува со уникатни елементи, со право може да се вброи меѓу најрепрезентативните благороднички заветнини во Македонија.

[58] С. Мандиќ, *Ктитори и приложници цркве у Кучевишту*, 201 – 202

[59] Ibid., 203

[60] М. Бошкоски, *Скопје и скопската област од VI до крајот на XIV век*, Скопје 2009, 231

[61] Ibid., 232

[62] Е. Димитрова, *Уметничката продукција на средновековно Скопје, Скопје осум милениуми: живот, култура, творештво*, 506 - 525

[63] Ibid., 565 – 577

[64] Е. Димитрова, *Манастир Матејче*, 267

Vladimir TANEVSKI

THE FRESCO PAINTING IN THE CHURCH OF THE PRESENTATION OF THE VIRGIN (HOLY SAVIOR) IN KUČEVIŠTE: A PROGRAMMATIC AND ICONOGRAPHIC ANALYSIS

Summary

The paper represents an analysis of the unique elements of the fresco painting in the Church of the Presentation of the Holy Mother of God (St. Spas) in the village of Kučevište. The church nave was built around the year 1330 as a endowment by Marena, Radoslav, and Vladislava, mentioned in an inscription above the southern entrance of the church. According to Mandić, Marena was the primary ktetor (patron), while Radoslav and Vladislava are secondary ktetors. A few years later, during the period from 1332 to 1337, a unique two-story narthex was added and fresco-painted on the western side. The fresco ensemble in the church in Kučevište includes scenes from the Great Feasts, the Passion of Christ, scenes from the Life of the Virgin Mary, depictions of the final psalms (in the narthex), and numerous half-length and standing saints. The fresco painting abounds in scenes and saints, among which there are rare, as well as completely new, iconographic solutions. One rare feature in the frescoes of Kučevište is the pronounced narrative character of the scenes from the Great Feasts, executed by painting prologue and epilogue episodes as separate scenes. Especially interesting is the expansion of the Transfiguration with the scene "Tell no one," which is connected to Christ's command to the three apostles (Peter, James, and John) not to speak of what they had seen until He had risen from the dead. Among the depictions of saints, several appear that are rarely painted within the framework of Byzantine art in Macedonia. Noteworthy are the depictions of the Holy Physicians John and Cyrus, which, according to our research so far, have been found, besides Kučevište, in: St. Sophia in Ohrid (1037–1056), St. Panteleimon – Nerezi (1164), St. Nicholas Monastery in Mariovo (1271), The Holy Theotokos Perivlepta (1295), St. Demetrius – Marko's Monastery (1376/77). Also notable are the depictions of the Holy Physicians Cosmas and Damian of Arabia. In our research so far in Macedonia, depictions of the Arab Cosmas and Damian have been found only in the church of St. Archangel Michael in the Varosh Monastery (1270–1280). In the narthex, within the depictions of the last three psalms, there are two scenes that are still being debated. On the northern wall in the central section of the second zone, there is a scene which, according to Đorđević, represents the Death of King David. King David, in royal attire, is lying on a bed, three angels are shown as flying in to take his soul, while behind them three youths mourn with their hats in hand. On the southern wall in the central part, an unidentified scene is painted. The scene features two noblemen, dressed in costumes. The two noblemen are seated on a high bench while observing a scribe who is seated on a lower bench. The scribe is writing on a scroll held by the nobleman dressed in white. Behind the scribe stand two young figures with their hands raised. Another unique element is found within the ktetor composition, specifically in the depiction of Queen Elena. The queen is dressed in a long, richly decorated costume, and in her right hand she holds a royal scepter adorned with pearls. It is important to note that in front of her left thigh, a thorakion is painted. The thorakion is a characteristic Byzantine insignia, representing a loros that ends in a shield-like shape on the left thigh. It is known that the thorakion originates from the Roman toga, specifically its most ceremonial form – the toga picta or toga palmata. It is important to mention that beneath parts of the post-Byzantine frescoes, there is an older layer of fresco painting. Such a layer is evident in the chapel of St. Nicholas and on the southern façade. The chapel of St. Nicholas was fresco-painted in 1501, and fresco ornaments can be observed on the eastern and southern walls that unequivocally date to the 14th century. The southern façade also contains an older layer of fresco painting. Beneath the depiction of the Virgin within the Deesis, a portion of a polystavrion with brown crosses on a white background can be observed. Because of the inscription itself, as well as fragments of the polystavrion, Mandić suggests that a ktetor composition may have been painted here and confirms that Vladislava and her sons donated something to the church. The church in Kučevište, with its fresco painting, which abounds in unique elements, can rightfully be considered among the most representative noble endowment churches in Macedonia.